Адвокатско друштво
ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ

Архивски знак/Shenja e arkivit: ____
Рок на чување/Afati i ruajtjes: ____
____ 20 ___ год./viti
Потпис/Nënshkrim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
01-03-2023

| Примено: E Pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| [redacted] | | | |

До: **Министерство за финансии**
**Сектор за правни работи**

Од: **Адвокатско друштво**
**ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ Скопје**
**ул. 8ма Ударна Бригада бр. 43/3 Скопје**
**+389 2 3115 205; +389 71 227 163**

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), од имателот ја бараме следната информација од јавен карактер:

- **Вкупно остварени приходи во Република Северна Македонија за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година:**
  - i. **по основ на акциза на цигари,**
  - ii. **по основ на акциза на тутунски добра,**
  - iii. **по основ на акцизи при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и**
  - iv. **по основ на акцизи при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи)**

- **Учество во % (проценти) на секој од вкупно остварените приходи по основ на акциза на цигари, на тутунски добра, при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи) во вкупните приходи за 2022 година на Буџетот на Република Северна Македонија**

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
**б) препис**
в) фотокопија
г) електронски запис
д) друго____________________________________________
( се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
**а) по пошта**
б) телефон
в) факс
г) е-маил
д) друго____________________________________________
( се наведува бараниот начин, со заокружување)

ул. 8 Ударна бригада бр.43/3, 1000 Скопје, Македонија
Тел. 02/ 3233 599; 02/ 3115 205 Факс: 02/ 3111 521
info@cakmakova.com • www.mlca.com.mk • www.cakmakova.com

– Сектор за правни работи –

Архивски бро[redacted]
Датум: 20-03-2023

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. СЕ ОДОБРУВА барањето број [redacted] година, поднесено од страна на барателот Адвокатско друштво ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ за пристап до информација од јавен карактер.

2. Податоците кои ќе му бидат доставени на барателот се во прилог на ова Решение и се составен дел од истото.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 01.03.2023 година барателот Адвокатско друштво ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ до Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информацијата „Вкупно остварени приходи во Република Северна Македонија за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година: по основ на акциза на цигари, по основ на акциза на тутунски добра, по основ на акцизи при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и по основ на акцизи при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи) и Учество во % (проценти) на секој од вкупно остварените приходи по основ на акциза на цигари, на тутунски добра, при увоз на тутунски добра/производи (преработки од тутун) и при увоз на сродни производи (несогорливи тутунски производи) во вкупните приходи за 2022 година во Буџетот на Република Северна Македонија ".

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Податоците кои ќе му бидат доставени на барателот се во прилог на ова Решение и се составен дел од истото.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ministria e Financave
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 440
www.finance.gov.mk